NOVARTIS

Runaplax (rivaroxaban)

10 mg, 15 mg и 20 mg

филм-обложена таблета

# Картичка за потсетување на пациентот

| | |
|---|---|
| Активна супстанца (INN ): | rivaroxaban |
| Заштитено име: | Runaplax 10 mg, 15 mg и 20 mg филм-обложена таблета |
| Број на применлива верзија на RMP: | 4,0 |
| Датум на едукативен материјал | 05 јули 2021 год. |

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА
AGJENCIA E BARNAVE DHE PAJISJE MJEKËSORE
SHKUP
СКОПЈЕ

# КАРТИЧКА ЗА ПОТСЕТУВАЊЕ НА ПАЦИЕНТОТ

## Што треба да знам за Ривароксабан?

- Ривароксабан ја разредува крвта, што спречува да добиете опасни згрутчувања на крвта.
- Ривароксабан мора да се зема исклучиво како што го препишал лекарот. За да добиете оптимална заштита од згрутчување на крвта, **не прескокнувајте ја дозата.**
- Не смеете да престанете да земате ривароксабан без претходна консултација со лекарот, зашто така може да се зголеми ризикот од згрутчување на крвта.
- Кажете му на Вашиот лекар за сите други лекови што ги земате во моментот, неодамна сте ги земале или имате намера да почнете да ги земате, пред да започнете со Ривароксабан.
- Кажете му на Вашиот лекар дека земате Ривароксабан пред каква било операција или инвазивна процедура.

## Кога треба да побарам совет од мојот лекар?

Кога земате лек кој ја разредува крвта, како што е Ривароксабан, важно е да бидете свесни за неговите можни несакани ефекти. Најчестиот несакан ефект е крвавење. Не започнувајте да земате ривароксабан ако знаете дека сте изложени на ризик од крвавење, без претходно да разговарате со Вашиот лекар. Веднаш кажете му на Вашиот лекар ако имате какви било знаци или симптоми на крвавење како што е следново:

- болка
- оток или непријатност
- главоболка, вртоглавица или слабост
- невообичаени модринки, крвавење од носот, крвавење на непцата, крвавење од посекотини на кои им е потребно подолго време да запрат
- менструално или вагинално крвавење кое е пообилно од вообичаено
- крв во урината која може да биде розова или кафеава, црвена или црна столица
- искашлување крв, или повраќање крв или материјал кој изгледа како мелено кафе

## Како да земам Ривароксабан?

За сигурна оптимална заштита, Ривароксабан

- од 10 mg може да се зема со или без храна
- од 15 mg мора да се зема со храна
- од 20 mg мора да се зема со храна

**Секогаш носете ја картичкава со Вас**

**Покажете ја картичката на секој лекар или стоматолог пред започнување на третманот**

## Примам антикоагулантна терапија со Ривароксабан

**Име:**

**Адреса:**

**Други лекови/состојби:**

**Датум на раѓање:**

**Тежина:**

**Во итен случај, Ве молам контактирајте со:**

**Име на лекарот:**

**Телефон на лекарот:**

**Печат на лекарот:**

**Ве молам, исто така, известете го и:**

**Име:**

**Телефон:**

**Врска:**

**Информации за здравствените работници:**

- Не треба да се користат вредностите од Меѓународната норма за соодност (INR) бидејќи не се сигурни мерки за антикоагулантната активност на Ривароксабан.

Во случај на сомневање за несакана реакција пријавете до:
Национален центар за фармаковигиланца при Агенцијата за лекови и медицински средства на Р.Северна Македонија (МАЛМЕД)
Адреса: ул. Св.Кирил и Методиј бр.54 кат 1
Телефон: 02 5112394
Email: www.malmed.gov.mk

и до Носителот на одобрение за ставање на лек во промет:
Оддел за фармаковигиланца
ЛЕК - СКОПЈЕ ЛЕК Д.Д. ЉУБЉАНА ДООЕЛ
Адреса: Перо Наков бр.33, Скопје, Р.Северна Македонија
Телефон: 02 2550800
Email: macedonia.drugsafety@novartis.com